## ОПШТИНА ШТИП

МОS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-316*
*26.02.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.17), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по изготвен**

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од север опфатот е дефиниран по граница на опфат по претходен ДУП
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип Кочани-согласно ГУП на град Штип

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 39.397,55m$^2$.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.



Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 27 февруари 2025 год (четврток) и истиот ќе трае до 13 март 2025 год (четврток).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ СЕ 02.01 СО НАМЕНА Г ОД ГУП НА ГРАД ШТИП, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 32 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 14 март 2025 (петок) до 14 април 2025 год (понеделник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 27 март (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*